РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2512/1
24-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на ден 20.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3375/1 од 19.12.2025 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се доставaт до Министерството за социјална политика, демографија и млади, Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата.

Предметот со број 12-3375/1 од 19.12.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, без доставени адресни податоци, на ден 19.12.2025 година, е поднесена пријава со наводи против службени лица при Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа - ---- по која е оформен предмет со број 12-3375/1 од 19.12.2025 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека од страна на службени лица при Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа - ---- му е оневозможено остварување на правото на видување со неговото дете, и покрај постоењето на важечко судско решение со

кое тоа право е уредено, согласно законско утврдените термини и дека на неговото барање од Центарот да и укажат на мајката на неговото малолетно дете, да го почитува судското решение за регулирање на видувањата и да му го овозможи преземањето на детето во термините кои законски му следуваат, му било соопштено истата го пријавила во полиција за наводно насилство врз детето и дека, се додека трае постапката, тој нема право на контакт со својата ќерка, кое дејство подносителот го негира.

Оваа пријава е доставена и до други надлежни органи, и тоа: Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа - ----, Завод за социјални дејности ----, Министерството за социјална политика, демографија и млади - Социјална инспекција, Народен правобранител како и до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија - Единицата за економски и компјутерски криминал.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, беше разгледана законската регулатива при што беше утврдено дека согласно член 83 и 84 од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/2021, 199/2023 и 192/2025), Центарот за социјална работа врши надзор над вршењето на родителското право и е должен да презема потребни мерки заради заштита на личноста, правата и интересите на детето, а истиот претставува орган во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува и предметната пријава ќе се достави до Министерството за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија, Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., Член на ДКСК